# "ИЗВЕШТАЈ ЗА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ"
## 2011 година

Вклучувањето на родовата рамноправност во тековните активности , имплементација на информатичките системи соодветни за креирање на политики и стратегии во земјоделството, како и програмите за финансиска поддршка на земјоделците од страна на нашето министерство, а воедно и од владата на Р.Македониоја е во согласност со генералните цели на Националниот план за акција за родова рамноправност.

Постигнато е:

Унапредување на водењето на родово разделени статистички податоци во базата на податоци која е основа за искористување на финансиската поддршка на земјоделсците.

Минатата 2011година е ставен во функција "Систем за идентификација на земјоделските парцели"

**СИЗП** - Системот за идентификација на земјишни парцели е систем со кој се идентификува земјоделското земјиште што тековно се обработува. Системот користи прецизни авионски снимки, на кои е прикажана реалната состојба на земјиштето и неговата употреба. Со помош на СИЗП, графички се исцртуваат земјишните парцели и автоматски се пресметува точната површина на земјиштето.

Исто така во 2011година е ставен во функција Земјоделски Информативен Систем (ЗИС)

За поддршка на изготвувањето на анализи за поставување, спроведување, контрола и следење на ефектите на земјоделска политика и политиката за рурален развој, неопходно е воспоставување на Земјоделски Информативен Систем (ЗИС) како еден од најзначајните краткорочни приоритети од процесот на креирање на поволни услови за одржливо земјоделство и рурален развој како услов за интегрирање во ЕУ.

Предвидените активности опфаќаат воспоставување, операционализација и поврзување на следниве административни, контролни и информациони елементи од интегрираниот систем: Единствен регистар на земјоделски стопанства, Систем за идентификација на земјишни парцели (ЛПИС), Мрежа на сметководствени податоци на фарма (ФАДН), Земјоделско пазарен информативен систем (ЗПИС) и подобрување на земјоделската статистика. Дел од нив се составни елементи или се во функција на Интегрираниот административен и контролен систем (ИАЦС) за реализација и следење на ефектите од мерките за поддршка на развојот преку Програмите за директни плаќања и рурален развој.

Целосното функционирање на системите ќе овозможи поставување на ефикасни политики базирани на потребите во секторот, нивно успешно реализирање со максимално намалување на неправилностите и злоупотребите, подобрена контрола и проценка на ефектите од земјоделската политика. Интегрирањето на различните бази на податоци и регистри треба да ги олесни процедурите за доставување на барања на земјоделците за мерките на поддршка и ќе обезбеди корисни податоци за понатамошно креирање на поволни услови за оржливост, развој и конкурентност во производството на храна и руралниот развој, а со тоа го направи атрактивен овој сектор.

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој, МЗШВ е одговорна институција за воспоставување на интегриран информативен систем на податоци кој треба да обезбеди прибирање и обработка на податоци за земјоделскиот сектор и во насока накреирање еднакви можности во земјоделството ќе овозможи:

- евиденцијата на ресурсите на жените земјоделки кои активно ја обработуваат земјата,
- на министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе му даде добар индикатор во креирање

на политики и стратегии во насока на економско јакнење на жените земјоделки,

- промоција на пристапот до ИПА инструментот кој во целата петта компонента го содржи руралниот развој до жените земјоделки,
- подобрување во конкурентоста на земјоделството

Активна улога во промоција на економското јакнење на жеите во руралната средина има и Агенција за Промоција и Развој на Земјоделството.

Во 33 подрачни единици на нашето министерство функционира веќе воспоставената мрежа на советнички кои на жените земјоделки им помагаат во креирање на бизнис планови и даваат помош при аплицирање на јавните огласи објавени од МЗШВ.

______________________

Лидија Митева
Координатор за еднакви
можности на жените и мажите